Бр./Nr 12-1157/2

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

03-02-2022 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 60-та седница, продолжение одржано на 31.01.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-1157/1 од 15.03.2021 година, во која се изразува незадоволство од спроведување на постапка за денационализација пред Комисијата за одлучување по барање за денационализација за подрачје на општина --------- и -----------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, по наведениот предмет постапил надлежен орган, во конкретниот случај Управен суд и Виш Управен суд на РСМ.

Предметот со број 12-1157/1 од 15.03.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познати подносител, на ден 04.06.2021 година, поднесена е пријава во која се изразува незадоволство од спроведување на постапка за денационализација пред Комисијата за одлучување по барање за денационализација за подрачје на општина -------------- и ------------- и оформен е предмет 12-1157/1 од 15.03.2021 година.

Во пријавата, пријавителите бараат да се поведе постапка против Комисијата за одлучување по барање за денационализација за подрачје на општина ----------- и --------------- со седиште во -----------, поради основи на сомневање дека наведената Комисија или некој нејзин член сторил злоупотреба на функцијата, понатаму сторил повреда на член 63 од ЗСКСИ, бидејќи повеќе од 19 години избегнувале правилно утврдување на фактичка состојба во предмет ДН. Бр.----------------. Понатаму пријавителите наведуваат во повеќе наврати од страна на Управниот суд на РСМ и Вишиот Управен суд, се поништени Решенијата кои ги донела Комисијата за одлучување по барање за денационализација за подрачје на општина ------------ и ---------------.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај. По наведениот предмет постапил надлежен орган, Управниот суд на РСМ и Вишиот Управен суд.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: С.М
Одобрил: м-р Ш.С- член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Горан Трпеноски**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk